# В О Д И Ч
# КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА








**Гевгелија, 2017**

**Истражувачки тим:**

**Проф. д-р Никола В. Димитров**

**Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова**

**Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова**

**Проф. д-р Златко Јаковлев**

**Проф. д-р Цане Котески**

**Магдалена Мицева**

**Гевгелија, 2017**

# СОДРЖИНА:

ПРЕДГОВОР........................................................................................3
ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА..........................4
НАСЕЛЕНИ МЕСТА ........................................................................5
1. ГЕВГЕЛИЈА.....................................................................................5
2. НЕГОРЦИ.......................................................................................17
3. КОВАНЕЦ.......................................................................................23
4. ПРДЕЈЦИ .......................................................................................25
5. СМОКВИЦА ....................................................................................27
6. МРЗЕНЦИ .......................................................................................29
7. СЕРМЕНИН .....................................................................................31
8. ХУМА...............................................................................................34
9. КОНСКО ........................................... **Error! Bookmark not defined.**
10. НОВО КОНСКО .............................................................................39
11. МОИН..............................................................................................40
12. МИРАВЦИ.......................................................................................42
13. ПЕТРОВО ........................................................................................46
14. ГАБРОВО.........................................................................................47
15. МИЛЕТКОВО...................................................................................47
16. ДАВИДОВО ....................................................................................49
17. БОГОРОДИЦА................................................................................51
Користена литература ......................................................................55

## ПРЕДГОВОР

Општина Гевгелија е мала по површина но е ризница на разновидно културно наследство од најстари период до денес.

Водичот Ви ги презентира најважните информации за културно – историските споменици и манифестации во Општина Гевгелија, во целина и посебно за градот и секоја рурална населба.

Проценуваме дека оваа форма на Водичот има туристичка намена и е во правец на промоција на културното наследство на Општина Гевгелија.

Водичот е дел од истражувачки проект помогнат од Општина Гевгелија а реализиран од истражувачки тим на Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Водичот не претендира на сеопфатност и може да претрпи дополнувања. Корисниците на Водичот до авторите можат да приложат сугестии во правец на текстуално, естетско и графичко збогатување и истиот. Сите сугестии би влегле во евентуално второ издание на публикацијата.

Авторите

# ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Придонесот на културата, културните настани и културното наследство за развојот на националната економија се рефлектира преку повеќе мултипликативни ефекти кои на директен или индиректен начин ги создава културниот туризмот на локално, регионално и национално ниво.

Имајќи предвид дека Република Македонија и Општина Гевгелија имаат огромен потенцијал за развој на културниот туризам, како неопходност се јавува потребата од научен пристап во формирањето на содржини и информации за состојбата на културниот туризам од една страна, можностите за создавање на соодветна понудаи промоцијата на културниот туризам што е од голема важност за создавањето на приходи од овој сектор.

Општина Гевгелија се наоѓа во најјужниот дел на Република Македонија, на надморска височина од 64 метри и површина од 485 км$^2$. Во ОпштинаГевгелија живеат 22.988 жители, од кои околу 15.700 жители живеат во градот, останатите од околу 7300 жители живеат во 17–те рурални населени места.

Во Општина Гевгелија се одржуваат голем број културни настани а исто така Општината располага со потенцијали на различни локалитети, форми и објекти на културно наследство почнувајќи од предисторијата, преку античката и средниот век се до новиот век. Културното наследство е претставено преку разновидно и автентично движно и недвижно традиционално

наследство коедава големи можности за развој на културниот туризам.

Оригиналноста и уникатноста на пристапот кон развој, унапредување и промоција на културното наследство, културните настани, манифестации и субјекти кај населението и пошироко во регионот претставува основа за креирање на иновативен и оригинален модел и стратегија за развој на културниот туризам на подрачјето на Општина Гевгелија.

## НАСЕЛЕНИ МЕСТА

## 1. ГЕВГЕЛИЈА

**Гевгелија** — град во југоисточниот дел на Македонија, сместен во Гевгелиско-валандовската Котлина во непосредна близина (3 км) на границата со општините Кукуш и Меглен во Егејска Македонија, денес во Грција.



**Слика 1. Местоположбата на Општина Гевгелија во Р. Македонија**

## Етимологија

Според една легенда за настанок на името Гевгелија се смета дека еден дервиш кој дошол и не сакал да си оди од Гевгелија, бидејќи многу му се допаѓало местото. Жителите не сакале да го примат и решиле насила да го прогонат. Разлутен од тоа, дервишот почнал луто да ги проколнува жителите кои се исплашиле и го повикале назад со зборовите гел-гери што значи ела назад. Иако легенда, гевгеличани ова го сметаат за заклетва на предците т.е. секогаш да бидат добредојдени оние што одлучуваат да ги задомат своите идеи во градот.

## Историја

Гевгелија како град почнала да се развива уште од средината на XIX, кога населението од овие краеви ја почувствувало потребата да создава современа населба во помош на минувачите-трговци и да биде домаќин на нивните патувања кон Блискиот Исток со многубројни анови.



**Слика 2. Разгледница од Гевгелија, од 1930-те години**

Вистински градски лик Гевгелија добива во 1886 година, кога во административно-управен поглед станала средиште на посебна каза - Гевгелиска.




**Слика 3. Спомен плоча за гевгеличаните настрадени во еврејскиот холокауст**



**Слика 4. Споменик ,,Слобода” , Гевгелија**

**Вардарски Рид** — археолошки локалитет во средишниот дел на Долното Повардарие или Амфакситида, како што се нарекувал овој регион во антиката. Амфакситида го зафаќа појасот долж двете страни на реката Вардар, од Демир Капија до морето или до висина на античката македонска престолнина Пела, до каде што во минатото навлегувал тесен залив на Егејското Море.

До доцниот V век пр. н.е., областа Амфакситида претставувала одделно кнежевство во коешто античките Македонци се издвоиле како посебен етнос. Оваа долномакедонска област ја сочинувале повеќе градови, меѓу кои се издвојуваат Питомена, Гортинија и Аталанта. Според архитектурата, урбанизмот, културата и уметноста, тие претставувале економски мошне развиени градови.Еден од овие градови, за кој повеќето археолози тврдат дека е градот Гортинија, се наоѓа на локалитетот Вардарски рид. Станува збор за повеќеслојна населба и некропола од кои може да се согледа генезата на неговиот севкупен развиток во еден континуитет.

На неговиот јужен дел утврдени се остатоци од тврдина, ѕидови од бројни објекти, меѓу кои доминантно место заземаат

остатоците од еден јавен монументален објект од V век пр. н.е., ѕидан од масивни камени блокови. Овој дел од градот се наоѓал еден мал трговски центар од III - II век пр. н.е. Археолошките наоди укажуваат на постоење на добро опремени работилници за метал, керамика и текстил, како и други објекти со најразлична намена (магацини, дуќани). Откриен е и дел од палата, како и мало куќно светилиште со подвижни наоди. Откопаните градби и нивниот распоред укажуваат на град со неправилен урбанистички план.







**Слика 5,6,7. Вардарски Рид**

- **Општи карактеристики**

Ова подрачје отсекогаш претставувало значајна крстосница за патниците и стоката кои патувале од Европа кон Блискиот Исток или обратно. Со изградба на железничката пруга Скопје –

Гевгелија-Солун во 1873 година и на автопатот Скопје-Гевгелија, таа стана значаен транзитен коридор. Гевгелија се наоѓа на само 70 km од Солун, а на 165 km од Скопје, главниот град на Р. Македонија. Токму поради значајните сообраќајници тука се вкрстуваат патиштата од север и југ, така што Гевгелија претставува европска порта за сите оние кои тргнале на север.

- **Општествени институции**
  - ✓ Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
  - ✓ УСО „Јосиф Јосифовски“
  - ✓ ОУ „Владо Кантарџиев“
  - ✓ ОУ „Крсте Петков Мисирков“
  - ✓ Седиште на архиерејското намесништво Гевгелија на Повардарската епархија на МПЦ.
  - ✓ Црква „Св. Кирил и Методиј“
  - ✓ Црква „Св. Спас“

- **Култура**

Главени презентери на културата во градот се Театарот, Домот на културата, Музејот и други објекти.

**Слика 8. Театар во Гевгелија**



Театарот во Гевгелија е изграден во 1955 година и работел како народен аматерски театар. Во него се одржале голем број театарски и други претстави. За време на земјотресот од 1990 година е оштетен, за да после пожарот во 1996 година биде целосно вон функција. Целосно обновен е во 2011 година и во него до време на време се одржуваат театарски и други претстави.



**Слика 9. Детска претстава во театарот во Гевгелија**



## Библиотеката „Гоце Делчев“

Почетоците на библиотечната дејност во Гевгелија датираат од 1910 година кога во градот е формирано првото читалиште што го носи името Просвета.

**Слика 10. Библиотека „Гоце Делчев“**

Читалиштето било формирано за потребите на драмската секција и располагало со симболичен книжен фонд донесен од приватните библиотеки. Во периодот меѓу двете светски војни читалиштето не работело редовно. Имено, имало години, посебно кога неговите управи биле во рацете на симпатизерите на работничкото движење или во рацете на самите партиски организации кога

читалиштето било затворано. Таков бил случајот во 1924, 1928 и 1938 година. Во периодот на фашистичката окупација, читалиштето работи повремено и претставувало значајно место за ширење на напредните идеи. До 1945 година читалиштето работи со прекини условено од тогашните општествено-политички прилики. По ослободувањето на Гевгелија (7 ноември 1944 година),

Народноослободителниот одбор на Гевгелија донесува одлука за формирање на градско читалиште и ги поканува граѓаните да помогнат во собирањето книги за таа цел.[7] Со оваа акција биле собрани околу 3.000 книги, по што е направена селекција и во 1945 година во почетокот на февруари градската библиотека ја започнува својата работа. На почетокот библиотеката била сместена во просториите на Мицо Чугунцалиев, на шеталиштето, во централното градско подрачје, а од 1950 година работи во сегашната зграда. Зградата во која е сместена библиотеката е прогласена за споменик на културата.

- **Музеј**

Владовиот конак е изграден во 1906 , а од 1992 година е пренаменет во народен музеј. Во него се сместени повеќе одделенија од праисторијата, античкиот период, но и етнолошка историска збирка.



**Слика 11. Градски музеј Гевгелија**

- **Верски објекти во Гевгелија**
  **Црква „Св. Кирил и Методиј“ - Гевгелија**

Свети Кирил и Методиј — македонска православна црква во градот Гевгелија. Црквата се наоѓа во средишниот дел на Гевгелија, сместена на јужната страна на градското шеталиште. Во црквата се наоѓаат девет икони од познатиот македонски зограф Димитар Андонов - Папрадишки. Воедно, црквата се

одликува со голем и убав иконостас.Црквата е најмногу посетена за време на најголемиот христијански празник Велигден

Подигната е во 1896 година, што може да се види од натписот на плочата на источниот ѕид, вѕидан над олтарната апсида од надвор. Таа е изградена на местото каде што во 1881 година бил изграден параклис. Храмот е обновен во 1946 година.Во 1983 година е подигната нова камбанарија со градски часовник.

Според својата архитектурна форма, таа е трикорабна градба, со рамни дрвени тавани и со покривна конструкција на две води. Црквата има голем и убав иконостас, чии икони ги работел зографот Димитриј Андонов - Папрадишки. Дверите на црквата се од постаро време и се смета дека се пренесени од старата црква Света Троица или од манастирската црква „Св. Спас" во Гевгелија, и се дело на непознат резбар (од XVIII век). Градител на црквата е Андон Китанов.





**Слика 12. Црква „Св. Кирил и Методиј"**

### Црква „Вознесение Христово" - Гевгелија

Вознесението Христово попозната само како Свети Спас претставува македонска православна црква во Гевгелија. Таа претставува главна црква на Гевгелискиот манастир.

Црквата се наоѓа во југоисточниот дел на Гевгелија. Таа воедно е и најстарата црква во градот и според преданието е изградена во 1842 година. До почетокот на Првата балканска војна била неколку пати доградувана и реновирана. Според својата архитектурна форма, црквата е петокорабна, со дрвени рамни

тавани, потпрени со нови четвртасти колони. Покривната конструкција е на две води. Од западната страна има отворен трем, во чија северна страна се наоѓа камбанаријата. Црквата е зографисана, но во неа нема насликано постар фреско-живопис. Иконостасот е нов, со три реда икони. Иконографскиот репертоар го сочинуваат: престолните икони, иконите на големите празници и иконите на светите апостоли. Во 2006 година, е извршна реконструкција на тремот со масивен камен и нов покрив од керамиди.



**Слика 13. Црква „Вознесение Христово“**

- **Културни активности**
  - ✓ Коледарски хепенинг (5 јануари)
  - ✓ Поетска и музичка манифестација „За тебе љубов моја“ (8 март)
  - ✓ Ден на театарот, „Денови на комедијата“ (март)
  - ✓ „Гевгелиска музичка пролет“ (април, мај, јуни)
  - ✓ Детски фестивал „Калинка“ (мај)
  - ✓ Гевгелија денс (29 мај)
  - ✓ Најдобрите за најдобрите (мај)
  - ✓ „Спасовден“
  - ✓ Гевгелиско културно лето
  - ✓ Фолклорен ѓердан (јуни)
  - ✓ Арт фестивал „БОШ“

- ✓ Ликовни колонии „Дојрана“ (јуни, јули)
- ✓ Ѕвездено детство (од септември до мај)
- ✓ „Гевгелиска музичка есен“ (септември, октомври)
- ✓ Добар ден школо (септември)
- ✓ „Смоквијада“
- ✓ Детска недела (1-5 октомври)
- ✓ Месец на книгата (15 октомври до 15 ноември)
- ✓ 7 Ноември (Ден на ослободувањето на Гевгелија)
- ✓ Новогодишна претстава (декември)




**Слика 14. „Смоквијада“**




**Слика 15.„Калинка“**

- **Спорт**

Гевгелија ја негува спортската традиција преку унапредување на популарните спортови како што е спортската сала во Гевгелија која е пријатен и модерно опремен простор за спортување. Во близина на центарот на градот се наоѓа и фудбалско игралиште, а традиционално секоја година се одржуваат мото-кросови и шампионати во европски размери.

Постојат повеќе спортски клубови: Фудбалски клуб „Кожуф“ (формиран 1922 година) , кошаркарски клуб „Партизан“ (1951 г.) денес КК „Кожуф“, Ракометен клуб „Партизан“ (1953 г.), женски ракометен клуб „Партизан“ (1957), денес „Мак Екс“, па „Зора Сок“, мото крос „Гевгелија“ од 1986 г. патека „Милци“, планинарско друштво „Кожуф“ (1952), карате клуб „Гевгелија“е наследник на карате клубот „Партизан“ кој почнал со своите активности во 1968

година во просториите на друштвото за телесни спортови „Партизан“ од Гевгелија.

- **Поважни споменици во Гевгелија**




**Слика 16. Споменик на Владо Кантарџиев**



**Слика 17. Борци во НОБ од Гевгелија**





**Слика 18. Споменик на двата Илиндена**

**Слика 19. Сава Михајлов**

## 2. НЕГОРЦИ

Негорци — село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија.

За името и положбата на Негорци нема научни податоци, ниту хроника или летописи. Постојат повеќе легенди за името и правобитното место.

Во една легенда што најповеќе е раширена, се зборува дека старото име му било „Губреш“ кое се наоѓало северно од денешното село, во месноста „Црквиште“. Самото име зборува дека ова место било населба. Према сеќавањето на Атанас Баламов првите жители на Негорци живееле во „Губреш“ и во „старо“ време имало неколку куќи. Еднаш на селанецот Негаре му избегале свињите во месноста каде што денес е слото и кога ги нашол, Негаре видел дека ова место е подобро, има вода и му се бендисало дека е подобро за живеење. Потоа се преселил тука и

започнал нов живот. Во „Губреш“ спрема изразите на Атанас Баламов, а кој пак зборува дека ова го слушнал од постарите, живееле само христијани. Од зборовите на Томе Делев, стар 70 години, исто така, се тврди дека селото порано го викале „Губреш“ и дека луѓето се доселиле во старо време тука т.е. каде што сега е селото. Спрема него, причината за преселбата биле мравките што постоеле во Губреш. Исто така тој тврди дека името „Губреш“ е турски израз и се однесува на името „Црквиште“.

Дека тука навистина постоела населба, говори и фактот дека кај месноста „Бајал“ бил „саирот“ т. е. плоштадот, а над него имало манастир од кој и денес има остатоци од градбата.

Според некои приказни селото Негорци го добило името така што некои луѓе го запалиле и сите жители веleле Не - Гори, Не -Гори и според тоа е добиено името Негорци.

Населбата се наоѓа во областа Бојмија, во понискиот, речиси средишен дел на територијата на Општина Гевгелија, каде што извираат и термоминералните извори и каде што се подигнати познататитеНегорски бањи. Се наоѓа на локален пат кој води од градот Гевгелија, од кој е оддалечен околу шест километри. Селото е рамничарско, сместено на надморска височина од 80 метри.

Атарот е голем и зафаќа површина од 29,6 км2. На него обработливото земјиште заземе површина од 1.067 хектари, на шумите отпаѓаат 1.289 хектари, а на пасиштата 366 хектари.

Источно од селото поминува железничката линија што ги поврзува Скопје и Гевгелија.На три и половина километри источно од селото тече реката Вардар, која што повеќе пати нанесува штета на полето, дел од обработливата површина што се наоѓа помеѓу железничката линија и реката Вардар.На запад од селото се последните ограници на Кожуф планина кои се доста богати со вода. По целата периферија на селото има извори на добра вода за пиење, од која добар дел се користи и за наводнување. Познати извори се: „Љиљијавор“, „Старец“, „Криви јавор“ т.е. изворот што е искористен за снабдување на селото со вода за пиење, но за три чешми.

Во текот на 1962 година се направени уште две чешми во горните маала. Друг извор е „Шоп“, кој е каптиран во време на

Првата светска војна од бугарската војска, која направи една чешма, потоа „Фик“ - еден од најбогатите извори со вода кој се користеше сѐ до 1967 година исклучиво за наводнување, а денес неговите води се користат за пиење.

## Историја

Во XIX век, Негорци било село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.



**Слика 20. Споменик на Ристо Шуклев**



**Слика 21.Споменик од НОБ за убиени селани од Негорци**



**Слика 22. Стариот споменик во 1931. Денес горниот дел не постои**

### Општествени установи

- ОУ „Ристо Шуклев“ — централно основно училиште
- Општествени
- Пошта (1483)
- Здравствени
- Амбуланта
- Негорски бањи
- ЈЗУ Психијатриска болница „Негорци“ — психијатриска установа

### Културни знаменитости

**Црква „Св. Атанасиј Велики“ - Негорци**

Свети Атанасиј — главна селска црква во гевгелиското село Негорци. Црквата се наоѓа на самото сретсело. Воедно, црквата претставува парохиски храм на Негорската парохија на МПЦ-ОА.



**Слика 23. Црква „Св. Атанасиј Велики“**

Црквата е изградена во XIX век од непознат градител, но целосно била обновена во 1996 година, така што денес објектот изгледа како новоизграден.

Градбата на црквата е трикорабна, со рамни дрвени тавани, при што средишниот кораб ги надвишува двата странични кораба. Покривната конструкција е изградена на две води и е потпрена на осум столбови, распоредени во два реда со по четири столба во јужниот и западниот дел на наосот. Средишниот кораб на таванот е украсен со квадратни полиња, а насликана е и фреска со ликот на Исус Христос Седржител. Кон западната страна на црквата е доградена припрата која е одвоена од наосот, додека на источната страна црквата завршува со полукружна олтарна апсида со декоративни ниши. Во припратата се сместени неколку значајни икони, а сочувано е и крило од царските двери кои потекнуваат од XIX век. Внатрешноста на црквата е живописана од непознат зограф.

Дворот на црквата е со голема површина и е ограден. Во него е сместена камбанаријата, како и помошен објект во изградба. Камбанаријата се наоѓа во југозападниот дел од црквата и е прилепена до западната страна од храмот. Таа има осумаголна основа, при што јужната, северната, западната и

источната страна се со значително поголема површина. На секоја од нив има по три вертикално поставени монофори.

## Редовни настани

Редовен настан во Негорци преставува традиционалната посета на местото Манастир, кај Негорските бањи, секоја година на вториот ден (понеделник) на големиот христијански празинк Велигден.



**Слика 24. Чешма на местото „Манастир**





**Слика 25. Крст на местото „Манастир“**

**Слика 26. Чешма на Петков А. Ристо**

### Култура и спорт

Во селото работи КУД „Негорци“.

Во минатото во селото постоел фудбалскиот клуб „Негорци“. По неговото згаснување, во селото се одржува „Лига во мал фудбал Негорци“.

## 3. КОВАНЕЦ

Кованец или Кованци — село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија.

Населбата се наоѓа во областа Бојмија, во северниот дел на територијата на Општина Гевгелија. Селото е сместено во подножјето на планината Кожуф.Селото е ридско, сместено на надморска височина од 290 метри. Од градот Гевгелија е оддалечено 17 километри.

Атарот зафаќа површина од 17,6 км2. На него преовладуваат шумите со површина од 1.617 хектари, на обработливото земјиште отпаѓаат 120 хектари, а на пасиштата само 0,5 хектари.

До селото води асфалтен пат преку селото Негорци од кое е оддалечено 8 километри. Низ Кованец протекува малата Ковanска Река, која е десна притока на реката Вардар и која често пресушува во текот на летото.

Во XIX век, Кованец било христијанско село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.

### Културни знаменитости

**Црква „Св. Димитриј“ - Кованец**

Свети Димитриј — главна селска црква во гевгелиското село Кованец. Црквата се наоѓа на неколку стотина метри пред

селото, непосредно на левата страна од патот кој води од селото Негорци

Црквата е изградена во 1860 година, а била обновена во 1907 година. Нејзин градител е познатиот неимар, резбар и зограф Андон Китанов. Градбата на црквата е трикорабна, со рамни и обоени тавани во горните партии. Покривната конструкција е изградена на две води и е потпрена на шест столбови во два реда. Кон јужната и западната страна на црквата е доградена припрата. Влезната порта на црквата е сместена на јужната страна, а над неа има ниша со полукружна фреска на којашто е претставен ликот на Свети Димитриј и околу којашто е запишано името на светецот. На источната страна од црквата има полукружна апсида со правоаголен отвор во средишниот дел. Камбанаријата на црквата е со квадратна основа и се издига над кровот.

Внатрешноста на црквата е зографисана, а фрескоживописот е од XIX век. Во текот на XIX биле изработени и иконите, како и царските двери. Иконостасот е изработен од дрво и делумно е украсен со убава резба. Царските двери се изработени од страна на мајстор од дружината на Андон Китанов.

Во дворот на црквата се сместени и селските гробишта.



**Слика 27. Црква „Св. Димитриј“**





**Слика 28. Чешма „Колчев Гроб“ Слика 29. Новото училиште**

## 4. ПРДЕЈЦИ

Прдејци — село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија.

Населбата се наоѓа во областа Бојмија, во источниот дел на територијата на Општина Гевгелија, од десната страна на реката Вардар. Се наоѓа на стариот локален пат кој води од градот Гевгелија до селото Миравци. Селото е рамничарско, сместено на надморска височина од 65 метри. Од градот Гевгелија е оддалечено осум километри.

Атарот зафаќа површина од 18,3 км2. На него обработливото земјиште заземе површина од 568 хектари, на пасиштата отпаѓаат 559 хектари, а на шумите 386 хектари.

Во XIX век, Прдејци било село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.

- **Културни знаменитости**

**Главната селска црква „Св. Петка“** заедно со селските гробишта.

Света Петка — главна селска црква во гевгелиското село Прдејци. Црквата се наоѓа во јужниот дел од селото.

Црквата е изградена во 1861 година, што е забележливо од натписот над влезната врата која се наоѓа на јужната страна на

црквата, а нејзин градител бил познатиот неимар, резбар и зограф Андон Китанов.

Градбата на црквата е трикорабна, со дрвени тавани, при што средишниот кораб се извишува над двата странични кораба. Средишниот кораб е ишаран, во средината има квадратни полиња и на него е насликано македонското шеснаесеткрако сонце. Покривната конструкција е изградена на две води и е потпрена на шест столбови во два реда на северниот и јужниот дел од наосот. Кон јужната и западната страна на црквата е доградена припрата, којашто во денешниот изглед на црквата е затворена.

Внатрешноста на црквата не е живописана. Иконостасот се состои од икони распоредени во три реда. Царските двери се работени во резба од копаничар од дружината на Андон Китанов. Дел од иконите се изработени во 1862 година од страна на зографот Константин, а дел за кој има запис на долниот дел на јужната врата од страна на зографот Димо од Папрадиште.

Во дворот на црквата се наоѓаат камбанаријата и селските гробишта. Камбанаријата е прилепена до северозападниот дел од црквата. Таа има четириаголна основа и е покриена со пирамидален кров од керамиди. Во горниот дел на секоја од нејзините четири страни има по една монофора.



**Слика 30. црква „Св. Петка“**

## Култура и спорт

Во селото работи културноуметничкото друштво „Браќа Толеви“, кое активно учествува во повеќе фестивали.

## 5. СМОКВИЦА

Смоквица — село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија.

Населбата се наоѓа во областа Бојмија, во северниот дел на територијата на Општина Гевгелија, во Гевгелиското Поле. Селото е рамничарско, сместено на надморска височина од 90 метри. Од градот Гевгелија е оддалечено 15 километри.

Атарот зафаќа површина од 24,3 км2. На него преовладуваат шумите со површина од 1.716 хектари, на пасиштата отпаѓаат 293 хектари, а на обработливото земјиште 215 хектари.

Во XIX век, Смоквица било христијанско село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.



**Слика 31. Биста на Ѓорѓи Делев, учесник во НОБ**

## Културни знаменитости

### Црква „Св. Димитриј“ - Смоквица

Свети Димитриј — главна селска црква во гевгелиското село Смоквица. Црквата се наоѓа во крајниот западен дел од селото.

Црквата е изградена во првата половина на XIX век, односно околу 1830 година, а била обновена во 1905 година од страна на градителската дружина на познатиот неимар, резбар и зограф Андон Китанов.

Градбата на црквата е трикорабна, со дрвени тавани. Средишниот кораб е поизвишен од страничните и е покриен со квадратни полиња изведени со тенки летвички. Во средината на главниот кораб е насликана икона на платно на којашто е претставен ликот на Исус Христос Седржител. Покривната конструкција е изградена на две води и е потпрена на осум столбови, распоредени во два реда со по четири на јужната и северната страна. Иконостасот во внатрешноста на храмот е исполнет со вредни икони и царски двери изработени од страна на Андон Китанов. Дверите биле изработени во 1863 година во резба со мотиви од растителниот свет. Црквата била зографисана во 1846 година, што може да се забележи и од натписот над главната влезна врата на јужниот ѕид, од внатрешната страна.

Во дворот на црквата се сместени селските гробишта, камбанаријата и помошен објект. Камбанаријата има квадратна основа и се состои од четири дела, при што основата на секој следен дел има помала основа. На секоја од страните на првите три дела има по една монофора, додека последниот дел е со повеќе отвори од страните. Камбанаријата е покриена со пирамидален лимен кров над кој има крст.



**Слика 31. Камбанаријата на црквата „Св. Димитриј“**

**Родени во Смоквица**

- ✓ Анѓел Динев (1891-1952) — општественик и публицист
- ✓ Владимир Картов (р. 1935) — правник, историчар и професор
- ✓ Коста Христов Попето (1862 - по 1941) — револуционер, гевгелиски војвода на ВМРО

Ангел Динев (Смоквица, Гевгелиско, 1 октомври 1891 - Скопје, 17 февруари 1952), бил македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, деец на ВМРО (Обединета), македонски општественик, новинар, публицист, историчар и политички работник.

## 6. МРЗЕНЦИ

Мрзенци — село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија.

Името на селото доаѓа од луѓето кои го населиле, а кои дошле таму од мрзен дол, каде што било ладно и мрзнело.

Населбата се наоѓа во областа Бојмија, во крајниот јужен дел на територијата на Општина Гевгелија, недалеку од градот Гевгелија, поради што припаѓа на неговата рурбална зона.Селото е рамничарско, на надморска височина од 50 метри и е едно од најниските места во целата Република.

Атарот е мал и зафаќа површина од 6,8 км2. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 320 хектари, на пасиштата отпаѓаат 145 хектари, а на шумите отпаѓаат малку помалку од нив.

Во XIX век, Мрзенци било село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.

- **Културни знаменитости**

**Црква „Св. Константин и Елена“ - Мрзенци**

Свети Константин и Елена — главна селска црква во гевгелиското село Мрзенци. Црквата се наоѓа во јужниот дел од селото и е сместена на рид со доминантна положба во однос на остатокот од селото.

Според сеќавањето на мештаните и преданието, првичната црква се наоѓала на друго место, односно од другата страна на железничката пруга изградена во XIX век. Нејзин градител бил Андон Китанов со потекло од с. Тресонче. Денешната црква започнала да се гради во 1925 година, но поради низа непогодности не била довршена сè до 1936 година, кога и била осветена од страна на штипслиот владика Симеон Злетовско-струмички.

Во мај 2015 година, крадци ја скршиле влезната врата од црквата и ги одземале парите од иконите и касите. Според мештаните, при грабежот на црквата биле одземани околу илјада денари.

Градбата на црквата е трикорабна, со рамни варосани тавани, при што средишниот кораб е засводен. Покривната конструкција е изградена на две води и е потпрена на осум столбови во два реда. Кон западната и јужната страна на црквата

е доградена припрата. Над главниот влез од црквата има ниша во која се живописани Свети Константин и Елена.

Внатрешноста на црквата не е живописана. Иконостасот е изработен во 1937 година. На него има три записи. Едниот се наоѓа над царските двери, врз фризот со винова лоза. Останатите два се наоѓаат лево и десно од дверите, на парапетни табли. На северната страна од царските двери е исишан записот„Иконописци - браќата Доневи од с. Гари, Дебарско 1937 г.“

Дворот на црквата е ограден и зафаќа голема површина. Во него се сместени селските гробишта и камбанаријата. Камбанаријата е со квадратна основа и се наоѓа веднаш до црквата.

## 7. СЕРМЕНИН

Серменин — село во Општина Гевгелија, во областа Влахомеглен, во околината на градот Гевгелија.

Населбата се наоѓа во областа Влахомеглен, во западниот дел на територијата на Општина Гевгелија. Селото е сместено во југоисточната падина на планината Кожуф, чиј атар на тесен дел се допира со подрачјето на Општина Кавадарци. Селото е планинско, сместено на надморска височина од 540 метри. Од градот Гевгелија е оддалечено 20 километри.

Атарот е мошне голем и зафаќа површина од 71,9 км2. На него преовладуваат шумите со површина од 5.895 хектари, а на обработливото земјиште отпаѓаат 302 хектари. До селото води асфалтен пат преку селото Негорци, кој не е во целост довршен.

Во XIX век, Серменин било христијанско влашко село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.

- **Културни знаменитости**

**Црква „Св. Ѓорѓи“ - Серменин**

Свети Ѓорѓи — главна селска црква во гевгелиското село Серменин. Црквата се наоѓа во југозападниот дел од селото.

Црквата е изградена во 1834 година, што е забележливо од записот во женскиот дел на храмот, а истата била обновена кон крајот на XIX век од страна на градителот Андон Китанов. Повторно била обновена во 1940 година.

Градбата на црквата е трикорабна, со рамни дрвени тавани и со полукружна олтарна апсида на источниот ѕид. Апсидата е украсена со пет плитки ниши. Покривната конструкција е изградена на две води и е потпрена на осум столбови, распоредени во два реда со по четири столба. Кон јужната страна на црквата е доградена припрата. Ѕидот на оваа страна од градбата е фрескоживописан, а во него е сместена и влезна врата.

Внатрешноста на црквата била фрескоживописана во 1847 година, а фрескописот бил обновен во 1951 година од страна на гевгелискиот живописец Ѓорѓи Хаџи Ников. Иконостасот во црквата го сочинуваат стари икони кои потекнуваат од XIX век. Царските двери биле изработени во резба од страна на зографот Андон Китанов.

Дворот на црквата е ограден со камена ограда. Во него се наоѓаат камбанаријата и трпезарија. Камбанаријата има квадратна основа и се издига над јужниот дел на оградата од дворот на црквата, во непосредна близина на влезната порта. Трпезаријата е сместена во југозападниот дел од дворот.



**Слика 32. Главната селска црква Св.Георгиј во с.Серменин**

- **Серменински манастир**

Серменинскиот манастир претставува македонски православен машки манастирски комплекс лоциран во атарот на гевгелиското село Серменин во пазувите на планината Кожуф.

Според некои преданија, тука во минатото постоел манастир со голема соборна црква посветена на Пророкот Илија. За време на турското ропство целиот манастир бил запален и разрушен, а монасите убиени. На почетокот на 21 век, месното население и надлежната епархија решиле да го возобноват овој манастир. Денес (2017) мананстирот е сеуште во изградба, каде манастирската црква е готова, додека конаците се во завршна фаза.

- **Родени во Серменин**
  Ванчо Прке (1921-1943) — комунист, учесник во НОБ




**Слика 33. Стара плоча на дел од ѕидот на училиштето во с.Серменин**




**Слика 33 и 34. Традиционална прослава повод ИЛИНДЕН**

Повеќегодишна традиција на шетање икони на вториот ден за Велигден. Се пешачи повеќе од 3 километри по зацртаната

патека која поминува околу селото и се посетуваат четирите гробишта кои се наоѓаат на ридовите околу с. Серменин.



**Слика 35, 36 и 37. Традиција на шетање икони на вториот ден за Велигден**

## 8. ХУМА

Ума или Хума — село во Општина Гевгелија, во областа Влахомеглен, во околината на градот Гевгелија.

Населбата се наоѓа во областа Влахомеглен, во западниот дел на територијата на Општина Гевгелија. Селото е сместено на падините на планината Кожуф.Селото е планинско, сместено на надморска височина од 820 метри. Од градот Гевгелија е оддалечено 20 километри.Атарот зафаќа површина од 42,3 км2.

Во XIX век, Ума било христијанско влашко село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.Ума порано било село со околу 500 Власи со христијанска вероисповед. Денес, тоа е практично иселено и функционира како викенд-населба.

## Културни знаменитости

### Црква „Св. Пантелејмон" — главна селска црква

Свети Пантелејмон — главна селска црква во гевгелиското село Ума. Црквата се наоѓа на самото сретсело, при што доминира во селото. Околу црквата се наоѓаат и селските гробишта на селото. Црквата се наоѓа во селото Ума, сместено на падините на планината Кожуф, во југозападниот дел на Општина Гевгелија. Црквата е изградена во XIX век.

На градбата на црквата се појавиле оштетувања на кровот, со што настанале оштетувања на фреските, иконите и самата внатрешност на црквата. Мештаните пред дваесетина години успеале да го обноват кровот и тремот, како и да ја обноват камбанаријата. Црквата располага со богат фрескоживопис, кој е надополнет со иконите на црквата, кои денес повторно се наоѓаат во нејзе, откако се вратени од Штипскиот музеј, каде биле однесени, откако селото било целосно раселено. Фрескоживописот, исто така, потекнува од моментите на изградба на црквата, XIX век.



Слика 38. Камбанаријата



Слика 39. Влезот на црквата

## Редовни настани

Секоја година во почетокот на август се одржуваат панаѓурски денови по повод Св. Пантелејмон, кога во селската црква се организира неделен курбан.







**Слика 40. Икона на Богородица со Исус**

**Слика 41. Икона на Исус Христос**



**Слика 42. Куршуми кои ги користеле војниците од Првата светска војна**



**Слика 43. Рушевини од поранешното училиште**



**Слика 44. Спомен гробишта**



**Слика 45. Стара чешма во селото**

## 9. КОНСКО

Конско — село во Општина Гевгелија, во областа Влахомеглен, во околината на градот Гевгелија.

Селска чешма во близина на црквата „Св. Димитриј“ во Конско.

Населбата се наоѓа во областа Влахомеглен, во западниот дел на територијата на Општина Гевгелија. Селото е сместено под југоисточната падина на планината Кожуф. Селото е планинско, сместено на надморска височина од 600 метри. Атарот зафаќа

површина од 66,3 км2. Во XIX век, Конско било христијанско влашко село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.

## Културни знаменитости

### Црква „Св. Димитриј” — главна селска црква

Свети Димитриј — главна селска црква во гевгелиското село Конско. Црквата се наоѓа во рамките на селото.



**Слика 46. Камбанаријата на црквата**




**Слика 47. Икона на влезот на црквата**



**Слика 48. Детал од црквата**



**Слика 49. Селска чешма во близина на црквата**

## 10. НОВО КОНСКО

Ново Конско или Ново Коњско (до 1973 година наречено Горничет) — новосоздадено село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија. Патот до црквата, сместена над селото. Населбата се наоѓа во областа Бојмија, во средишниот дел на територијата на Општина Гевгелија. Ова новосоздадено село е сместено северозападно од градот Гевгелија, на патот којшто води кон селото Конско. За селото не се водело посебна катастарска евиденција.

Во XIX век, Горничет било целосно турско село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство. До 1973 година, името на селото било Горничет, кое било променето во сегашното.

- **Културни знаменитости**

**Црква „Св. Димитриј” — главна селска црква**



**Слика 50. Новоизградената црква „Св. Димитриј“ над селото**



**Слика 51. Стара куќа во селото**

## 11. МОИН

Моин — село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија.Поглед на Конска Река од мостот при влезот во селото.

Населбата се наоѓа во областа Бојмија, во крајниот јужен дел на територијата на Општина Гевгелија, чиј атар се допира со државната гранична линија со Грција. Селото е оддалечено само неколку километри од градот Гевгелија и припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина од 120 метри. Атарот зафаќа површина од 16,4 км2. На него шумите зафаќаат површина од 772 хектари, на обработливото земјиште отпаѓаат 254 хектари, а на пасиштата 494 хектари.

Во XIX век, Моин било христијанско село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.За време на окупацијата на Македонија во Втората светска војна, бугарските фашистички окупатори стрелале пет лица[3], родум од Љумница, Егејска Македонија, поради учество во НОБ во селото на 18 јануари 1944 година. Денес, во нивна чест е подигнат споменик во селото Моин.

- **Културни знаменитости**

**Црква „Св. Архангел Михаил“ - Моин**

Свети Архангел Михаил — главна селска црква во гевгелиското село Моин. Црквата се наоѓа во јужниот дел на селото.

Во време на македонската преродба во 19 век, во селото имало три цркви, и тоа: патријаршиска, егзархиска и римокатоличка. Но, за време на Првата светска војна, поточно во 1917 година, сите овие цркви биле разрушени. Мештаните изградиле нова црква, која делумно била разурната во време на Втората светска војна, а била обновена и доградена во 1963 година.

Црквата претставува еднокорабна градба со рамен варосан таван, припрата, но без апсида. Во нејзината внатрешност, иконостасот е мал и бил изработен од гевгелискиот столар Ристо Попов, чие име се споменува на запис на самиот иконостас од 30 декември 1968 година.



**Слика 52. Црква „Св. Архангел Михаил“**



**Слика 53. Поранешен младински дом**



**Слика 54. Поранешна амбуланта**

- Споменик за убиени селани од селото Љумница, Егејска Македонија



**Слика 55. Спомен плоча од НОБ за загинатите борци – Моин**

 

**Слика 56 и 57. Стари градби во с. Моин**

## 12. МИРАВЦИ

Миравци — село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија. До 2004 година, селото било административно седиште на истоимената општина.

Населбата се наоѓа во областа Бојмија, во крајниот северен дел на територијата на Општина Гевгелија. Селото лежи на десната страна на реката Вардар, распослано во Гевгелиско-валандовската Котлина. Селото е рамничарско, сместено на надморска височина од 110 метри. Се наоѓа непосредно до стариот пат Демир Капија - Гевгелија, каде што денес е изградена новата делница Демир Капија - Смоквица од меѓународниот Автопат „Александар Македонски“(Е-75). Од градот Гевгелија е оддалечено 21 километар. Има релативно голем атар, што зафаќа површина од 28,8 км2. На него преовладуваат шумите со површина од 1.707 хектари, на обработливото земјиште отпаѓаат 729 хектари, а на пасиштата само 263 хектари.

На ридовите над Миравци, кои се дел од источното подножје на планинскиот масив на Кожуф, се наоѓа излетничкото место „Бел Рај“. Во близината на селото Миравци, на патот кон селото Петрово се наоѓа и вештачко езеро.

Во XIX век, Миравци било христијанско село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство. До 2004 година, Миравци било административно седиште на истоимената општина.

## Културни знаменитости

### Црква „Св. Константин и Елена“ - Миравци

Свети Константин и Елена — главна селска црква во гевгелиското село Миравци. Црквата се наоѓа во горниот дел на селото, недалеку од патот кој води кон селата Петрово и Габрово. Капелата, кујната и трпезаријата се одвоени од црквата и се сместени на влезот на селото, во непосредна близина на селските гробишта.



**Слика 58. Главната селска црква „Св. Константин и Елена“**

Црквата е изградена во 1860 година. Во 1892 година, првобитната градба била опожарена, но набргу била обновена во 1893 година. Градител на црквата бил Андон Китанов. Во 1989 година, црквата била повторно опожарена и разурната, со исклучок на надворешните ѕидови кои не биле зафатени. Храмот бил повторно обновен во 1990 година.

Во периодот од 2009 до 2013 се изградени кујна и купола, кои се одвоени од дворот на црквата и се наоѓаат на влезот од селото, во непосредна близина на селските гробишта. Според натписната плоча поставена на еден од ѕидовите на овие објекти, тие биле изградени со благослов и донација на Митрополитот Повардарски г. Агатангел, градоначалникот на Општина Гевгелија Иван Франгов, како и со донации од месното население на селото Миравци.

Градбата на црквата е трикорабна, со тавани и и полукружна олтарна апсида на источниот ѕид. Покривната

конструкција е изградена на две води и е потпрена на шест четириаголни столбови во два реда. На јужната и западната страна е изграден нов отворен трем. По второто опожарување на храмот, внатрешните ѕидови не биле заографисани, со исклучок на внатрешната страна на олтарната апсида која делумно е покриена со нови фрески. Иконостасот исто така е изработен по последното обновување на црквата во 1990 година. Во дворот на црквата се наоѓа и камбанаријата која има осумаголна основа.

Градбата на кујната има правоаголна основа, а во нејзино продолжение е сместена градбата на капелата која има квадратна основа и претставува крсто-куполнаградбасо осумаголна купола која се издига над средишниот дел од нејзиниот кров. Двата објекта се обоени во бела боја и се покриени со ќерамиди.



**Слика 59. Апсидата на источната страна на црквата**



**Слика 60. Влезна врата од дворот на црквата**



**Слика 61. Капелата**



**Слика 62. Внатрешноста на капелата**



**Слика 63. Фреска на Свети Константин и Елена**

### Редовни настани

**Ѓура Мара —** настан каде девојките играат облечени во носија типична за Миравци, а една жена облечена во црно има улога да внимава на орото да не се фатат мажи.

 

**Слика 64 и 65 . Настан „ Ѓура Мара“**

### Култура и спорт

Во селото постои фудбалски клуб „ФК Миравци“ кој успешно се натпреварува во Втората македонска фудбалска лига. Секоја година во селото Миравци се одржува и турнир во мал фудбал.



**Слика 66. Културниот дом во селото**




**Слика 67. Плоча за создавањето на партизанскиот одред „Сава Михајлов“ на ЖС „Миравци“**

## 13. ПЕТРОВО

Петрово (Гевгелиско) е село во Општина Гевгелија, во околината на градот Гевгелија.

- **Културни знаменитости**

**Црква „Св. Спас“ - Петрово**

Црква „Вознесение Христово”. Црквата е изградена пред 1860 година. Но, околу 1860-1861 година била опожарена, за потоа - во 1867 година, со доброволни прилози од месното население, да биде обновена, што може да се види од натписот над јужниот влез во храмот (од надвор). Градител на црквата бил Андон Китанов. Според својата архитектурна форма, црквата е трикорабна со дрвени тавани, со полукружна апсида на источниот и со женски дел на западниот ѕид. Централниот кораб ги надвишува двата странични кораба. Покривната конструкција е на две води, потпрена на два реда колони од по три столбови со капители, кои го одвојуваат централниот кораб од страничните

кораби. Внатрешноста на храмот ја краси мошне убавиот фреско-живопис, насликан на северниот и јужниот ѕид. Иконостасот е во резба. Сите икони, што го исполнуваат иконостасот, датираат од XIX век, со имињата на дарителите.

## 14. ГАБРОВО

Габрово е село во Општина Гевгелија, во околината на градот Гевгелија.

- **Културни знаменитости**

**Црква „Св. Атанасиј"- Габрово**

Црква „Св. Атанасиј Велики". Подигната е во 1851 година, што може да се види од записот на еден каменен блок над крстот (од првобитната црква) на западната фасада, под стреите. Градител на овој православен храм е познатиот Андон Китанов. Црквата е трикорабна со обоени дрвени тавани, од кои средниот ги надвишува двата странични кораба. На источниот ѕид има голема полукружна олтарна апсида, а на јужната и западната страна има отворен трем. Покривната конструкција, која е на две води, се држи на шест колони во два реда (по три столбови). Црквата е зографисана неколку години по нејзината изградба. Фреско-живописот во храмот е изработен во текот на втората половина на XIX век од Димитар Андонов - Папрадишки. Иконостасот е исполнет со стари и нови икони кои датираат од XIX и XX век.

## 15. МИЛЕТКОВО

Милетково — село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија.

Населбата се наоѓа во областа Бојмија, во јужниот дел на територијата на Општина Гевгелија. Се наоѓа во Гевгелиското Поле, од десната страна на реката Вардар и непосредно до автопатот Скопје-Гевгелија. Селото е рамничарско, сместено на надморска височина од 95 метри. Од градот Гевгелија е

оддалечено 25 километри. Атарот зафаќа површина од 6,4 км2. На него шумите зафаќаат површина од 313 хектари, на обработливото земјиште отпаѓаат 193 хектари, а на пасиштата само 84 хектари.

Во XIX век, Милетково било христијанско село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.

- **Културни знаменитости**

**Црква „Св. Петка“** — главна селска црква

Црква „Св. Петка”. Црквата. Св. Петка е стара црква, изградена пред 1860 година. Но, првичната црква била опожарена и изгорена за време на Првата светска војна. По војната била обновена, но во 1931 година повторно била разурната од катастрофален земјотрес. По вторпат била обновена во 1932 година. Денешната црква Света Петка е трикорабна, со полукружна олтарна апсида на источниот ѕид (од надвор). Покривната конструкција е на две води. Објектот е изграден од обичен камен. На јужната и западната страна има отворен трем. Главниот влез во храмот е од јужната, а споредниот од западната страна. Иконите, што го исполнуваат иконостасот, се од поново време. Некои од нив се датирани во 1932 година, кога, всушност, била обновена црквата.





**Слика 68. Црква „Св. Петка“   Слика 69. Чешма од 1918 година**

# 16. ДАВИДОВО

Давидово — село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија.

Населбата се наоѓа во областа Бојмија, во крајниот северен дел на територијата на Општина Гевгелија. Селото лежи на десната страна на реката Вардар и железничката линија. Атарот на селото се допира со териториите на општините Демир Капија и Валандово. Селото е рамничарско, сместено на надморска височина од 95 метри. Од градот Гевгелија е оддалечено 33 километри. Неговиот атар е голем и зафаќа површина од 25,2 км2. На него преовладуваат шумите со површина од 1.556,5 хектари, на обработливото земјиште отпаѓаат 228,8 хектари, а на пасиштата само 153,5 хектари.

Во XIX век, Давидово било христијанско село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.

## Културни знаменитости

- ✓ Црква „Св. Илија“ — главна манастирска црква на Давидовскиот манастир од 1937 година;
- ✓ Црква „Раѓање на Пресвета Богородица” — изградена пред 1860 година од неимарот Андон Китанов.
- ✓ Давидовски манастир — манастир XX век

**Рождеството на Пресвета Богородица** — главна селска црква во гевгелиското село Давидово, Општина Гевгелија.

Црквата е подигната на зарамнето стрмно каменесто место. Изградена е пред 1860 година од неимарот Андон Китанов. Денешната црква е обновена во 1926 година. Според својата архитектурна форма, таа е трикорабна, со рамни дрвени тавани, од кои средниот ги надвишува двата странични кораба.

Покривната конструкција е на две води, која во наосот е потпрена на шест колони во два реда, по три столбови на јужната и на северната страна со капители. Сводовите на трите кораби се

обновени во 1991 година. Објектот е граден од обичен камен. Иконостасот е изработен во 1926 година, а иконите во него, според стилските карактеристики, се од XIX век. Фрескоживописот обновен е во олтарната апсида, од зографот Јордан Донески од село Гари, Дебарско, во 1991 година.





**Слика 70 и 71. Црква „Пресвета Богородица“**



**Слика 71. Чешма**



**Слика 72. Гроб на Васо Д. Минев, селски поп, во дворот на црквата**

**Манастир Св. Илија** Подигнат е во 1937 година. Според преданието, на местото на денешниот манастир, во периодот меѓу двете светски војни, била изградена мала црква, наречена Св. Илија+. Таа во 1945 година била обновена и проширена, па прераснала во манастир. Според својата архитектурна форма,

манастирската црква е трикорабна, чија покривна конструкција е на две води и во внатрешноста завршува со рамни дрвени тавани. На покривот на црквата се вградени шестострани куполи, од кои едната е во централниот дел на покривот, а другата на југозападното ќоше. Храмот има малтерисани фасади, со покрив од нови ќерамиди. На јужната страна има отворен трем - натстрешница, а на југоисточната страна од храмот има камбанарија со железна конструкција, со покрив од плех.

## 17. БОГОРОДИЦА

Богородица — село во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, во околината на градот Гевгелија.

Населбата се наоѓа во областа Бојмија, на крајната јужна страна на Гевгелиското Поле, на територијата на Општина Гевгелија. Атарот на селото се допира со државната граница со Грција. Всушност, селото лежи на левата страна на реката Вардар, недалеку од автопатот Скопје-Гевгелија, а на самиот локален пат кон Богданци. Селото е рамничарско, сместено на надморска височина од 55 метри. Од градот Гевгелија е оддалечено 3 километри.Атарот зафаќа површина од 15,1 км². На него преовладува обработливото земјиште со површина од 921,5 хектари, на пасиштата отпаѓаат 397,3 хектари, а на шумите само 43,4 хектари.

Во XIX век, Богородица било христијанско-муслиманско село во рамките на Гевгелиската каза на Отоманското Царство.Граничниот премин „Богородица“ е отворен во 1973 година.

- **Културни знаменитости**

**Црква „Рождество на Пресвета Богородица“** — главна селска црква, сместена во главниот дел на селото.

Рождеството на Пресвета Богородица — главна селска црква во гевгелиското село Богородица.Црквата е сместена на самото сретсело. Црквата првично била подигната во XIX век, но

се наоѓала на друго место. Денешната црква е изградена во 1911 година од страна мијачкиотнеимар Андон Китанов, а иконостасот бил изработен во 1935 година од неидентификуван зограф од Галичник.

Градбата на црквата е трикорабна, со рамни дрвени тавани, при што средишниот кораб ги надвишува двата странични. Во средината на средишниот кораб е насликана фреска со престава на Исус Христос Седржител. Иконостасот во црквата го исполнуваат четири реда икони, насликани во 1935 година од непознат зограф. Во црквата има и стари икони од XIX век, изработени од страна на непознати зографи.[2] Кон јужниот ѕид на црквата е доградена припрата, на источниот ѕид има полукружна апсида со прозорец во средишниот дел.

Во дворот на црквата е сместена камбанаријата. Таа има шестаголна основа и се издига во непосредна близина на оградата од дворот и источниот ѕид на црквата. Таа содржи по една монофора на секоја страна во висина на ѕвоното во нејзиниот горен дел, како и уште една на источната страна во висина на скалата која води до ѕвоното. Освен камбанаријата, во дворот на црквата има и чешма којашто е изработена од камен.





**Слика 73 и 74. Главната селска црква „Рождество на Пресвета Богородица“ и влезната порта на дворот од црквата**




**Слика 75. Чешма во дворот на црквата**

- **Редовни настани**
- ✓ Европско првенство во мотокрос (Милци)
- ✓ Рок концерт по повод панаѓурот на 21 септември

- **Култура и спорт**

ФК „Галејб АБ“ е фудбалска екипа која се натпреварува во регионалната лига.

- **Традиционален турнир во мал фудбал**

По повод панаѓурот 21.09 (Мала Богородица) секоја година се одржува Турнир во мал фудбал за деца на возраст од 9-16 години. На овој турнир секоја година земаат учество околу 400 деца (играчи) или околу 40 екипи од Општина Гевгелија и пошироко распоредени во 3 категории.Турнирот се одржува под покровителство на Градоначалникот на Општина Гевгелија.




**Слика 76 Населени места во Општина Гевгелија**

**Користена литература**:

1. Ангеловска Панова, М. (2015) Македонски цркви и манастири. Скопје: Младинска книга.
2. Видески, З. (2005) Бронзеното време на Вардарски Рид, Вардарски Рид том I.
3. Георгиевски, М. (2013) Македонски црковни псалти од XIX век, Македонска реч, Скопје.
4. Гиревски, А . (2008) Верски туризам. Скопје: Менора.
5. Гунов, Р. (1995) Занаетчискиот живот и обичаите во Гевгелија, Гевгелија.
6. Информативно гласило „Темелник“, Гевгелија 1992 г., бр.1.

7. Информативно гласило „Темелник“, Гевгелија 1992 г., бр.2.
8. Картов, В. (1969) Гевгелија и гевгелискиот крај од Балканските војни до ослободувањето (1912/13–1944), Скопје.
9. Ксантис, Ј. (1954) Историја на Гевгелија, Солун.
10. Матовски, А. (2000) Македонија во делата на странските патеписци 1864–1874“, Скопје.
11. Митревски, Д. (1997) Гробот на пајонската свештеничка од Марвинци.
12. Митревски, Д. (2001) Старомакедонскиот град на Вардарски Рид.
13. Митревски, Д. (2005) Вардарски Рид истражувања 1995-2004, Вардарски Рид том I.
14. Панов, Н. (1998) Туристичка валоризација на манастирите во Република Македонија.
15. Папазоглу, Ф. (1957) Македонски градови у римско доба.
16. Сламков, Е. (2005) Стоа, дел од класичната агора на Вардарски Рид, Вардарски Рид том I.
17. Сламков, Е. (2006) Средновековни наоди од Долно Повардарје, Вардарски Рид - Гевгелија, Зборник на музеј на Македонија - археологија бр. 2.
18. Сламков, Е. (2006) Локалитетот Селиште, с. Габрово-Гевгелија
19. Сламков, Е. (2008) Градишор–Мрамор, с. Милетково, Македонски археолошки преглед бр.1.
20. Сламков, Е. (2009) Куќата на колекционерот од Вардарски Рид, Македонски археолошки весник бр.3.
21. Стамков. Р., Трајков З. (2017) Гевгелија 130 години град, монографија, Издавач: Општина Гевгелија.
22. Ќорнаков, Д. (2000) Црквите и манастирите во Јужновардарска Долина. Скопје: Матица македонска.
23. Ќорнаков, Д. (2009) Македонски манастири. Скопје:Матица македонска.
24. Хусеновски, Б., Сламков, Е. (2005) Водич низ постојаната поставка.
25. Хусеновски, Б. (2012) Археолошки водич.
26. Цветковска, Н. (1999) Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија од 1919 до 1941 година, списание „Историја", год.35-36, 1998–1999, бр. 1-4.
27. Штрковски, Н. (1983) Општините во Социјалистичка Република Македонија, Скопје.